АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
Су-485/20
17.12.2020 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 20 и член 39 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник“ бр.275/20), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Скопје Су-03-617-2 од 12.12.2018 година, како и согласноста од Министерот за финансии бр.18-5287/2 од 29.09.2020 година

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ
објавува
ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2020
За кариерно унапредување на 2 судски службеника

**1. Категорија В, ниво В - 1**
**Судски советник - 1 извршител**

Услови за вршење на работите:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/I степен Правен факултет и положен правосуден испит,
Најмалку 3 години работно искуство во струката по положен правосуден испит

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми заканцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 3 од Закон за изменување и дополнување на законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.198/2018)

Работни часови неделно 40 часа
Работно време - почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 28.583,00 денари

**2. Категорија В, ниво В- 3**
**Судски соработник - 1 извршител**

Услови за вршење на работите:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/I степен Правен факултет и положен правосуден испит,
Најмалку 1 година работно искуство во струката по положен правосуден испит

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:

Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми заканцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 3 од Закон за изменување и дополнување на законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.198/2018)

Работни часови неделно 40 часа
Работно време - почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 25.675,00 денари

Кон пријавата, кандидатите да ги приложат доказите за исполнување на посебните услови, како и доказ за исполнување на посебните работни компетенции и тоа:

– уверение за завршено соодветно образование, во оригинал или нотарски заверено
– доказ за работно искуство
- сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), во оригинал или нотарски заверено и
– диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, во оригинал или нотарски заверено

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.
Пополнетата пријава во писмена форма и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите се должни преку приемната писарница да ја достават до Комисијата за селекција за унапредување.
Рокот за поднесување на пријавите е 5 дена сметано од денот на објавување на огласот на веб страната на судот.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од понатамошна постапка.

Постапката за селекција и унапредување ќе биде спроведена согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник“ бр.275/20).

Апелационен суд Скопје